unicef for every child

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-2170/13
20-09-2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# Јавен оглас

## За избор на локални медијатори во рамки проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“

Во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“ Министерството за труд и социјална политика во партнерство со УНИЦЕФ - Северна Македонија објавува оглас за ангажирање локални медијатори во општините: Кавадарци, Карпош, Крива Паланка, Прилеп, и Радовиш. Во секоја општина ќе биде ангажиран по еден медијатор.

Опис на проектот

Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование", го имплементира Министерството да труд и социјална политика од 2006 година. Целта на проектот е зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 - 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Проектот има за цел да придонесе и за зголемување на стапката на запишување на децата Роми во прво одделение, подобрување на родителските способности кај родители Роми, зајакнување на врската помеѓу родителите и предучилишните установи и подигнување на квалитетот на наставата и учењето.

Медијаторот треба да поседува комуникациски вештини, да биде свесен за проблемите и потребите на лицата во заедница, како и за краткорочните и долгорочни цели на проектот, да демонстрира емпатија и да ја стекне довербата во заедницата.

Медијаторот треба да ги мобилизира индивидуите и на истите да им помага во насока на постигнување на целите предвидени со проектот.

Задачи на локалниот медијатор се:

1. Да идентификува деца на возраст 3 - 6 години со цел нивно вклучување во предучилишно образование;

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

2. Да овозможи исполнување на целите на проектот во однос на предвидениот таргет на деца кои што треба да се вклучат во детските градинки во својата општина;

3. Да ја следи редовноста на децата во детските градинки и да води евиденција за истата;

4. Да придонесе во намалување на осипот или испишувањето од детските градинки преку соработка со родителите на децата, остварување на месечни состаноци и фокус групи;

5. Да придонесе во реализација на потребите од истражување во рамки на проектот;

6. Да присуствува на мониторинг посети во рамки на проектот;

7. Да остварува соработка со вработените во детските градинки, ромската негувателка и тимот на проектот;

8. Да подготвува месечни извештаи по претходно доставен терк на известување за имплементација на горенаведените активности;

9. Да соработува со проектниот тим, родителите и институциите заради остварување на целите на проектот.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат кандидатите:

- Завршено минимум средно образование
- Основно познавање на компјутерски вештини (Microsoft office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот.
- Познавање на ромската заедница во соодветната општина ќе се смета за предност.
  Најмалку 5 годишно работно искуство во меѓународни проекти

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да достават Кратка биографија и копија од свидетелство за завршено образование најдоцна до **26.09.2023 година до** 16:30 часот на меилот TKrstevska@mtsp.gov.mk и kristijan.angelkov@mtsp.gov.mk .

За дополнителни информации можете да се обратите секој работен ден од 08:30 до 16:30 на телефонскиот број +3892223834 или на следната меил адреса TKrstevska@mtsp.gov.mk и kristijan.angelkov@mtsp.gov.mk .